Се објавува Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намената на земјиштето на КП 167 КО Сарчиево со намената на бесправно изградениот објект.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1060/2 | Општина Штип
29 јануари 2025 година | Градоначалник

Ш т и п | Иван Јорданов, с.р.

76.

Врз основа на член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), а во врска со член 10 став 4 од Закон за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ“ број 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ ДЕКА СЕ ИСПОЛНЕТИ УЛОВИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО НА КП 167 ЗА КО-САРЧИЕВО СО НАМЕНАТА НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ

Член 1

Се утврдува дека се исполнети условите за донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намената на земјиштето на КП 167 за КО САРЧИЕВО со намената на бесправно изградениот објект.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 1060/1 Совет на Општина Штип
28 јануари 2025 година Претседател

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

77.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБАТА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО НА КП 1072/1 КО ШТИП 1 СО НАМЕНАТА НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ

I

Се објавува Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намената на земјиштето на КП 1072/1 КО Штип 1 со намената на бесправно изградениот објект.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1061/2 Општина Штип
29 јануари 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

78.

Врз основа на член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), а во врска со член 10 став 4 од Закон за постапување со

бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ“ број 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБАТА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА
УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ
НА НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО НА КП 1072/1 ЗА КО ШТИП 1
СО НАМЕНАТА НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ

Член 1

Се утврдува дека се исполнети условите за донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намената на земјиштето на КП 1072/1 КО Штип 1 со намената на бесправно изградениот објект А1-1 индивидуално домување.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 1061/1 — Совет на Општина Штип
28 јануари 2025 година — Претседател

Штип — Весна Кожинкова, с.р.

79.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА
СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈП „ИСАР“ ШТИП

I

Се објавува Одлука за давање согласност на статутарна одлука за изменување на статутот на ЈП „Исар“ Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1062/2 Општина Штип
29 јануари 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

80.

Врз основа на член 11 став 1 точка 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 иСлужбен весник на РСМ број: 275/19, 82/20, 89/22, 274/22 и 208/24) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈП „ИСАР“ ШТИП

Член 1

Се дава согласност на Статутарна одлука за изменување на Статутот на ЈП „Исар“ Штип број 02-1587/2 од 25.12.2024 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Статутарната одлука за изменување на Статутот на ЈП „Исар“ Штип број 02-1587/2 донесена од Управниот одбор на ЈП „Исар“ Штип на седница одржана на 25.12.2024 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1062/1 Совет на Општина Штип
28 јануари 2025 година Претседател

Ш т и п Весна Кожинкова,с.р.

81.

Врз основа на член 19 од Законот за Јавни претпријатија и член 19 од Статутот на Јавно претпријатие за комунални дејности ИСАР ПО Штип, Управниот Одбор на ЈП "Исар"-Штип на седницата одржана на ден 25.12.2024 година, донесе:

СТАТУТАРНА ОДЛУКА

*за изменување на Статутот на ЈП "Исар" Штип*

Член 1

Во Статутот на Јавно претпријатие за комунални дејности ИСАР ПО Штип бр.01-358/4 од 16.03.2010 година, членот 14 став (4) се менува и гласи :

**Освен условите од ставот 3 на овој член, членовите на управниот одбор во јавното претпријатие треба да имаат најмалку пет години работно искуство од кои :**

**- најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на финансиско работење и**

**- најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на правните работи.**

Член 2

Во членот 25 став (3) алинеја 1 се менува и гласи :

**- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство.**

Член 3

Оваа одлука да се достави до Советот на Општина Штип за давање на согласност.

Член 4

Оваа Статутарна одлука влегува во сила со денот на добивање на согласност од страна на Советот на Општина Штип, а со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Штип.

Број 02-1587/2
25.12.2024 година

Ш т и п

ЈП „Исар“-Штип
Управен одбор
Претседател
Тоше Ристов, с.р.

82.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ
НА ЦЕНОВНИК НА УСЛУГИ НА ЈП„ИСАР“ ШТИП

I

Се објавува Одлука за давање согласност на Ценовник на услуги на ЈП„Исар“ Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1063/2 Општина Штип
29 јануари 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

83.

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 иСлужбен весник на РСМ број: 275/19, 82/20, 89/22, 274/22 И 208/24) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ЦЕНОВНИК
НА УСЛУГИ НА ЈП ИСАР“ ШТИП

Член 1

Се дава согласност на изменување на Ценовникот на услуги на ЈП „ИСАР“ Штип заведен со арх. број 01-1353 од 15.12.2021 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката за изменување на ценовник на услуги на ЈП „Исар“ Штип донесена од Управниот одбор на ЈП„Исар“ Штип под број 02-1586/2 на седницата одржана на 25.12.2024 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1063/1 — Совет на Општина Штип
28 јануари 2025 година — Претседател

Ш т и п — Весна Кожинкова, с.р.

84.

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 19 од Статутот на ЈП„Исар“-Штип, Управниот одбор на ЈП"Исар“-Штип на седницата одржана на ден 25.12.2024 година, донесе

О Д Л У К А
за изменување
на Ценовник на услуги на ЈП "Исар" Штип

Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување на Ценовникот на услуги на ЈП "Исар" Штип заведен со арх.бр.01-1353 од 15.12.2021 год.

Член 2

Во Ценовникот на услуги на ЈП "Исар" Штип во табеларниот преглед на Ценовникнауслугина „Бања Кежовица“,во точка 6 "Ноќевање во сместувачкиот капацитет", цена на билет/лице со вклучен ДДВ, се менува и гласи : 500, оо денари.

Член 3

Во останатиот дел Ценовникот на услуги на ЈП "Исар" Штип заведен под арх.бр.01-1353 од 15.12.2021 год. останува непроменет.

Член 4

Одлуката стапува во сила по усвојувањето од страна на Советот на Општина Штип, а со денот на објавувањето на истата во Службен гласник на Општина Штип .

Број 02-1587/2
25.12.2024 година

Ш т и п

ЈП „Исар“-Штип
Управен одбор
Претседател
Тоше Ристов, с.р.

85.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА
КАНТИ И КОНТЕНЈЕРИ НА ЈП„ИСАР“ ШТИП

I

Се објавува Одлука за отстапување на канти и контенјери на ЈП„Исар“ Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1064/2
29 јануари 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

86.

Врз основа на член 21 став 1 точка 25 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), а во врска со член 42 од Одлуката за комунален ред Советот на Општина Штип (Службен гласник на Општина Штип 8/22-пречистен текст) на седницата одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА КОНТЕНЈЕРИ
И КАНТИ НА ЈП „ИСАР“ ШТИП

Член 1

Со оваа одлука општина Штип на Јавното претпријатие „Исар“ Штип му ги отстапува контенјерите и кантите добиени како донација од Министерството за животна средина и просторно планирање и тоа:

-контејнер од 1100 литри во жолта боја - 30 парчиња;

-контејнер од 1100 литри во сина боја - 29 парчиња;

-канта од 120 литри во сина боја - 606 парчиња;

-канта од 120 литри во жолта боја - 606 парчиња.

Член 2

Се задолжува Јавното претпријатие „Исар“ Штип, отстапените ствари од член 1 од оваа одлука да ги користи за намената за која се добиени, да ги постави соодветно со направениот план за поставување на истите и да ги внесе во евиденција на средства и сметководствена евиденција;

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на општина Штип.

Број 08 -1064/1
28 јануари 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

87.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА
СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЈП„ИСАР“-ШТИП

I

Се објавува Одлука за субвенционирање на ЈП„Исар“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1065/2 Општина Штип
29 јануари 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

88.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02), во врска со член 8-б од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ број 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19, 82/20, 89/22 и 274/22) и врз основа на член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општината Штип („Службен гласник на Општината Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21) Советот на Општина Штип на седница одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ
НА ЈП „ИСАР“-ШТИП

Член 1

Со оваа Одлука Општина Штип одобрува субвенционирање на Јавното претпријатие „Исар“-Штип, во износ од 12.000.000,00 денари (дванаесет милиони денари) за набавка на специјализирани половни возила и тоа: половен камион за вода (цистерна за миење на улици), половен камион за чистење на улици и половен камион за вакум (каналџет).

Член 2

Средствата за оваа намена се обезбедени со Буџетот на Општина Штип за 2025 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 1065/1 Совет на Општина Штип
28 јануари 2025 година Претседател,

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

89.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ЛОКАЦИЈА
ЗА ОДЛАГАЊЕ И ДЕПОНИРАЊЕ НА ИНЕРТЕН ОТПАД

I

Се објавува Одлука за определување локација за одлагање и депонирање на инертен отпад.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1066/2 — Општина Штип
29 јануари 2025 година — Градоначалник

Ш т и п — Иван Јорданов, с.р.

90.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ЛОКАЦИЈА ЗА
ОДЛАГАЊЕ И ДЕПОНИРАЊЕ НА ИНЕРТЕН ОТПАД

Член 1

Се определува локација за одлагање и депонирање на инертен отпат на место викано ,, Трештена Скала”.

Член 2

Комунален и технолошки цврст отпад – инертен отпат што се создава на подрачјето на Општина Штип, да се депонира на м.в ,,Трештена скала”.

Член 3

Со донесување на оваа одлука се забранува депонирање на отпат на м.в ,,Крстот”.

Член 4

Оваа одлука стапува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 1066 /1
28 јануари 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

91.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ
НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ВРЕДНОСТТА
НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТАТА НА ВРАБОТЕНИТЕ
ВО ЈП „СТИПИОН 2011“ ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

I

Се објавува Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платата на вработените во ЈП „Стипион 2011“-Штип за 2025 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1067/2
29 јануари 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

92.

Врз основа на член 11 став 1 точка 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 иСлужбен весник на РСМ број: 275/19, 82/20, 89/22, 274/22 и 208/24) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ВРЕДНОСТА НА
БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТАТА НА ВРАБОТЕНИТЕ
ВО ЈП „СТИПИОН 2011“ ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

Член 1

Се дава согласност на Одлуката за утврдување на висина на вредноста на бодот за исплата на плата на вработените во ЈП „Стипион 2011“ Штип број 0202-562/3 од 30.12.2024 година донесена од Управниот одбор на ЈП „Стипион 2011“ Штип.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Стипион 2011“ Штип вроj 0202-562/3 на седницата одржана на 30.12.2024 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1067/1 | Совет на Општина Штип
28 јануари 2025 година | Претседател

Ш т и п | Весна Кожинкова, с.р.

93.

Врз основа на член 11 став 2 точка 14 од Статутот на ЈП„Стипион 2011“-Штип („СЛ.Гласник на Општина Штип“ број 08/23), Управниот одбор на ЈП „Стипион 2011“ -Штип на седницата одржана на ден 30.12.2024 година донесе

**О Д Л У К А**
За утврдување на висината на вредноста на бодот
за пресметување на платата на вработените
во ЈП„Стипион 2011 Штип за 2025 година

Член 1

Се утврдува вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП Стипион 2011 Штип и истата изнесува 81,6 денари .

Член 2

Одлуката стапува на сила по добивање на согласност од страна на Советот на Општина Штип, а ќе се применува со исплатата на платата за јануари 2025 по утврдувањето на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2025 година од страна на Владата на Република Северна Македонија.

Број 0202-562/3
30.12.2024 година
Ш т и п

Управен одбор на
ЈП„Стипион 2011“
Заменик Претседател
Мирјана Ефремова, с.р.

94.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОЧЕТОКОТ
И ЗАВРШЕТОКОТ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА
ОЈУДГ „АСТИБО“ – ШТИП

I

Се објавува Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ОЈУДГ„Астибо“ Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1068/2 Општина Штип
29 јануари 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

95.

Врз основа на член 67 став 6 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 198/18, и Службен весник на РСМ број: 104/19, 146/19, 275/19, 88/20, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22 ) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОЧЕТОКОТ И
ЗАВРШЕТОКОТ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА
ОЈУДГ „АСТИБО“ – ШТИП

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува почетокот и завршетокот на работното време на Општинската јавна установа за деца-детска градинка „Астибо“ Штип.

Член 2

Работното време на детската градинка од член 1 на оваа Одлука започнува во 05:30 часот, а завршува во 18:00 часот, во сите објекти-клонови кои се во состав на установата.

Член 3

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Општинската јавна установа за деца-Детска градинка „Астибо“-Штип број 08-5200/1 од 21 август 2023 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1068/1 Совет на Општина Штип
28 јануари 2025 година Претседател

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

96.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА УПОТРЕБАТА
НА ЗБОРОТ ШТИП ВО ИМЕТО НА ЗДРУЖЕНИЕ НА
ГРАЃАНИ ТАЕКВОНДО КЛУБ ШТИП - ШТИП

I

Се објавува Одлука за одобрување на употребата на зборот Штип во името на Здружение на Граѓани Таеквондо клуб Штип – Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1069/2 Општина Штип
29 јануари 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

97.

Врз основа на член 9 став 2 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ број 52/10, 135/11, 55/16 и „Службен весник на РСМ“ број 239/22) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА УПОТРЕБАТА НА
ЗБОРОТ ШТИП ВО ИМЕТО НА ЗДРУЖЕНИЕ НА
ГРАЃАНИ ТАЕКВОНДО КЛУБ ШТИП - ШТИП

Член 1

Се одобрува употреба на зборот „Штип“ во името на Здружението на граѓани ТАЕКВОНДО КЛУБ ШТИП Штип.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-1069/1
28 јануари 2025 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

98.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЛОКАЦИИ
И ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НАДОМЕСТОК ЗА КОРИСТЕЊЕ
НА ПРОСТОР ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА ВО НАСЕЛБИТЕ
„БАБИ“ И ТРИ ЧЕШМИ“ – ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлука за користење на локации и ослободување од плаќање надоместок за користење на простор за поставување на урбана опрема во населбите „Баби“ и Три Чешми“ – Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1070/2
29 јануари 2025 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

99.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), член 48 став 1 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03,

18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЛОКАЦИИ И ОСЛОБОДУВАЊЕ
ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОР
ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА ВО НАСЕЛБИТЕ
„БАБИ“ И ТРИ ЧЕШМИ“ – ОПШТИНА ШТИП

Член 1

На Здружението на пензионери на општина Штип со седиште на ул. „Јосиф Ковачев“ бб - Штип се одобрува користење на локации и истото се ослободува од плаќање на надоместок за користење на простор за поставување урбана опрема во населбата „Баби“ поставена на дел од КП број 2157/1 за КО Штип 2 и во населбата „Три чешми“ поставена на дел од КП број 552 за КО Три Чешми.

Член 2

Користењето на локациите од член 1 на оваа одлука и ослободувањето од плаќање на надоместок за користење на просторот за поставување урбана опрема се дава за период од 10 години.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1070/1
28 јануари 2025 година
Штип

Совет на Општина Штип
Претседател
Весна Кожинкова, с.р.

100.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ПРОДАЖБА НА
НЕДВИЖНА СТВАР (ДЕЛОВЕН ПРОСТОР-ХОТЕЛ)

I

Се објавува Одлука за продажба на недвижна ствар (деловен простор-хотел).

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1071/2 — Општина Штип
29 јануари 2025 година — Градоначалник

Ш т и п — Иван Јорданов, с.р.

101.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), член 21 став 1 точка 25 член 78 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11,13/14 и 5/21), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРОДАЖБА НА НЕДВИЖНА СТВАР
(ДЕЛОВЕН ПРОСТОР-ХОТЕЛ)

Член 1

Со оваа Одлука се врши продажба на недвижна ствар – деловен простор (хотел) сопственост на Општина Штип кој се наоѓа на улица „Маршал Тито“ број 40, КП број 6654 евидентиран во ИЛ број 30771 за КО-Штип 5.

Недвижниот имот од став 1 на оваа Одлука се состои од:

А) - земјиште под зграда, и тоа :
- КП број 6654 м.в. град - земјиште под зграда 1 површина 100 м2,
- КП број 6654 м.в. град - земјиште под зграда 2 површина 18 м2,
- КП број 6654 м.в. град - земјиште под зграда 3 површина 17 м2,
- КП број 6654 м.в. град - земјиште под зграда 4 површина 6 м2.

Б) - зграда и помошни простории:
- КП број 6654–зграда 1, влез 1, кат 1, помошни простории-површина 9 м2
-КП број 6654–зграда 1, влез 1, кат 1,деловна просторија-површина 73 м2

- КП број 6654–зграда 1, влез 1, подрум-помошна просторија–површина 75 м2
- КП број 6654-зграда 1, влез 1, приземје-деловна просторија-површина 75 м2
- КП број 6654 -зграда 2, влез 1-приземје помошен објект-површина 14м2,
- КП број 6654-зграда 3, влез 1- подрум - површина 17 м2,
- КП број 6654-зграда 3, влез 1-приземје - површина 13 м2
- КП број 6654-зграда 4, влез 1-приземје помошен објект површина-5 м2

В) Градежно неизградено земјиште со површина од 193 м2

Член 2

Вкупната утврдена пазарна вредност на објектот од член 1 на оваа одлука е утврдена со извештај за процена на пазарна вредност на недвижен имот ИД 49247, ИД 49249, ИД 49250 и ИД 49251 од 16.01.2025 година и изнесува 31.355.833 денари. Оваа вредност е утврдена согласно Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, од проценувач од областа на недвижниот имот и претставува почетна цена за електронско јавно наддавање.

Член 3

Со решение на Републички завод за заштита на споменици на културата број 0801-72 од 23.02.1994 година на индивидуален станбен објект (приземје и кат) на улица „Кеј Маршал Тито“ број 40 е утврдено својство на Споменик на културата со режим од втор степен на заштита.

Член 4

Објектот- предмет на продажба ќе биде понуден на продажба на Република Македонија преку Управата за заштита на културно наследство, согласно член 140 од Законот за културно наследство.

Доколку во рок од 30 дена од денот на доставувањето на понудата Република Македонија не се изјасни односно не ја прифати понудата за продажба, продажбата на објектот од член 1 од оваа Одлука ќе се изврши по пат на електронско јавно наддавање во согласност со Законот за користење и располагање на ствари во државна сопственост и ствари во општинска сопственост, со почетната цена утврдена во износ 31.355.833 денари.

Член 5

Постапката за продажба на објектот ќе биде спроведена од страна на комисија формирана од градоначалникот на Општина Штип.

Правото на учество, критериумите, начинот на плаќање и другите услови за продажба на објектот ќе бидат утврдени од страна на комисијата и истите ќе бидат објавени во јавниот оглас.

Член 6

Доколку постапката за продажба со утврдената почетна цена во првиот обид е неуспешна, постапката ќе се повтори согласно законските одредби.

Член 7

За спроведената постапка за продажба на објектот, комисијата ќе достави извештај за својата работа до Советот на Општина Штип.

Член 8

По извршениот избор на најповолен купувач, градоначалникот на Општина Штип ќе го склучи договорот, со кој ќе се утврдат меѓусебните права и обврски за продажбата на објектот.

Член 9

Со влегување во сила на оваа одлука престануваат да важат: одлуката за продажба на надвижна ствар (деловен простор-хотел) број 08-4011/1 од 27 јуни 2024 година и одлуката за дополнување на одлуката за продажба на надвижна ствар (деловен простор-хотел) број 08-7338/1 од 21 ноември 2024 година.

Член 10

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-1071/1 | Совет на Општина Штип
28 јануари 2025 година | Претседател

Ш т и п | Весна Кожинкова, с.р.

102.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА НА ДУП„ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД „ИНДУСТРИСКА ЗОНА“ УБ 52 УМ БРОЈ 1 И 2 УП 2.1 КО ШТИП 1,ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Заклучок за давање позитивно мислење за техничка исправка на ДУП„Измена и дополнување на дел од „Индустриска зона“ УБ 52 УМ број 1 и 2 УП 2.1 КО Штип 1,Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1072/2 Општина Штип
29 јануари 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

103.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип (Слижбен гласник на Општина Штип бр: 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/20) Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

З А К Л У Ч ОК
ЗА ДАВАЊЕ НА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ
ЗА ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА НА ДУП „ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД „ИНДУСТРИСКА ЗОНА“ УБ 52 УМ бр. 1 И 2 УП 2.1 КО ШТИП 1, ОПШТИНА ШТИП

I

Техничката исправка се изработува на УП 2.1 од Извод од ДУП

Нумерички дел

Во табелата во која се дадени нумерички параметри за градежните парцели во важечки ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД „ИНДУСТРИСКА ЗОНА“ УБ 52 УМ бр. 1 и 2 КО ШТИП 1, ОПШТИНА ШТИП, се дадени следните вредности:

**За УП 2.1**

**МОДУЛ 2**

| Број на парцела | Сопственик на парцела | Има/нема изградено објект | Max висина | Пов.на парцела м$^2$ | П градба м$^2$ | Бруто п-развиена м$^2$ | Процент на изград. | Коефициент на искористеност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1 | МАВИС | | | 10537 | | 9712 | 36 | 1.0 |
| 2.1а | ПП Конфекција | има | Нпост | | 1376 | | | |
| 2.1b | ПП Конфекција | има | Нпост +2 | | 712 | | | |
| 2.1b | ПП Конфекција | нема | Нмах=9м | | 1530 | | | |

По извршените проверки констатирана е неусогласеност во однос на површината на градежната парцела и тоа:

Наместо површина за градежна парцела од 10537м$^2$ по извршените проверки се добива површина од 10460 м$^2$

II

Последователно, добиена е следната табела:

| Број на парцела | Сопственик на парцела | Има/нема изградено објект | Max висина | Пов.на парцела м$^2$ | П градба м$^2$ | Бруто п-развиена м$^2$ | Процент на изград. | Коефициент на искористеност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1 | МАВИС | | | 10460 | | | | |

Се дава позитивно мислење за изработка на следната урбанистичка документација:

- Исправка на техничка грешка за УП 2.1 од ДУП ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД „ИНДУСТРИСКА ЗОНА“ УБ 52 УМ бр. 1 И 2 КО ШТИП 1, ОПШТИНА ШТИП
-

II

Овој заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 1072/1
28 јануар 2025 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

104.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
ЗА ФИНАНСИРАЊЕ И ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за дополнување на Програмата за финансирање и изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2025 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1073/2
29 јануари 2025 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

105.

Врз основа на член 40 од Законот урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/2020) како и врз основа на член 21 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ И
ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА
НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2025 година („Службен гласник на Општина Штип“ број 17/24), во делот **3. Програмски задачи**, во точка **3.2. Програмски задачи финансирани од заинтересирани инвеститори**, се врши дополнување со нови алинеји кои гласат:

- „Детален урбанистички план за дел од урбана четврт ЦЕ 01.01. Општина Штип;
- Детален урбанистички план за дел од урбана четврт СЗ 02.01. општина Штип.“

II

По точка 3 се додава нова точка 4 - **Урбанистички проекти**

1. Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште со намена В1.2(средни училишта) на дел од ЈИ 01 од ГУП за град Штип,општина Штип;
2. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план на КП 582,КО штип Вонград,Општина Штип со намена А4-времен престој;
3. Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште со намена В1.1 (основни училишта) на дел од ЦЕ 03 од ГУП за грд Штип, општина Штип,
4. Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште со намена В2.8 (установи за згрижување на деца) од претшколска возраст-детска градинка на дел од С3.03 од ГУП на град Штип, општина Штип.

III

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 1073/1
28 јануари 2025 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

106.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ
ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ЛЕКУВАЊЕ

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за лекување.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1074/2 — Општина Штип
29 јануари 2025 година — Градоначалник

Ш т и п — Иван Јорданов, с.р.

107.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ЛЕКУВАЊЕ

Член 1

Се одобруваат финансиски средства за лекување на Јашар Османов во висина од 3.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2025 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-1074/1 Совет на Општина Штип
28 јануари 2025 година Претседател

Ш т и п Весна Кожинкова,с.р.

108.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2025 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1075/2 Општина Штип
29 јануари 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

109.

Врз основа на член 95 став 4 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на РСМ“ број 275/19), Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на РМ" број 193/16 и 72/18) и член 21 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

ПРОГРАМА
ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА
УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО
НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

I

Во Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2025 година („Службен гласник на Општина Штип“ број 17/24)

во делот **7. Начин на распределба на средствата за изградба и одржување на инфраструктурата** во точка **7.2 Работи поврзани со уредување на градежно земјиште реконструкција на улици,** во подточката

**7.2.1 Реконструкција ,асфалтирање и рехабилитација на улици и паркинзи ,**се додаваат нови алинеи кои гласат:

- паркинг на ул. Боро Арсов
- паркинг кај затворен базен
- крак на бул. ЈНА
- паркинг на Бело брдо
- улици во с.Селце
- улици во с.Долани
- платформа за паркирање на ул. Васил Главинов
- асфалтирање на Улица Сане Ѓоргиев
- асфалтирање на ул. 7 Конгрес

во подточка **7.2.3.Тротоари**, се додаваат нови алинеи кои гласат:
**Реконструкција и изградба на тротоари**

- тотоари на дел од ул.Скопска
- тротоар дел од ул.Битолска
- тротоар дел од ул.Кочанска
- тротоар дел од ул.Загребачка
- тротоари во нас.Три Чешми
- тротоари на ул. Партизанска

II

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“, а ќе се применува до донесување на Програма за 2026 година.

Број 08 – 1075 /1
28 јануари 2025година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

110.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ
НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за еднакви можности на Општина Штип за 2025 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1076/2
29 јануари 2025 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

111.

Врз основа на член 14, став 2 и став 3 од Законот за еднакви можности на жените и мажите Сл. Весник на Р. Македонија, бр. 6 од 13.01.2012 година, и вр основа на Статутот на Општина Штип, и чл. 21 став 1, точка 36 („Службен гласник на Општина Штип" бр. 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 4/11, 15/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 јануари, донесе

ПРОГРАМА
ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

**Вовед**

Годишната програма за еднакви можности на Општина Штип за 2025 година е документ со кој се планираат годишните активности на општината на полето на еднаквите можности за жените и мажите за 2025 година.

Согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 6/2012), Законот за изменување и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 166/2014), Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република С. Македонија" бр. 258/2020 год.), Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство (Службен Весник на Република Македонија" бр. 24/од 2021 год.), и други закони, општината има за цел да креира локални политики и да работи на згоемување на свеста кај граѓаните за воспоставување на еднаквите можности на мажите и жените во: политичката, економска, социјалната, образовната, здравствената и во други сфери, при тоа почитувајќи го принципот на недискриминација, преземајќи основни и посебни мерки кои произлегуваат од Законот за еднакви можности.

Советот на Општината игра клучна улога во создавањето безбедни и здрави услови за заедницата на која ѝ служи. Комисијата за еднакви можности на мажите и жените како постојано тело на Советот, е одговорна и посветена на промоција и операционализација на прашањето за родовата еднаквост преку конкретни мерки и активности. Локалната власт може да направи значајни промени и поместувања кои ќе доведат до подобра положба на жените во општината и унапредување на родовата еднаквост при тоа:

- правејќи анализи за родовата рамноправности, детектирајќи ги слабостите и предностите;
- подобрувајќи го пристапот на жените и останатите маргинализирани групи граѓани до инфраструктурата;
- давајќи помош и поддршка на специјализирани институции во борбата против родово-базираното насилство;

- зголемувајќи го промовирањето на жените на раководните функции и добрите работни места;
- промовирајќи го спортот и рекреацијата кај женската популација,
- промовирајќи успешни примери на жени претприемачи;
- подобрувајќи го пристапот на жените и останатите социјално ранливи категории и маргинализирани групи до здравствените и социјалните услуги и сл.

За планирана, целосна и ефектива реализација на ваквите политики, локалната самоуправа изготвува документи по кои се раководи во спроведување на концептот на родовата рамноправност. Такви се: Стратегијата за родова еднаквост на Општина Штип 2021-2025 година, како и Годишните програми за еднакви можности.

Во изготвувањето на Годишната програма за еднакви можности за 2025 година, Општината се раководеше од основните принципи и заложби кои произлегуваат од Страегијата за родова еднаквост 2021-2025 год. а тие стратешки приоритети се :

1. Подобрување на пристапот на жените до квалитетни здравствени и социјални услуги;
2. Подобрување на економската положба на жените во општината;
3. Зголемено учество на жените во општествениот живот;
4. Спречување на родовобазрано насилство;
5. Собирање на родоворазделена статистика.

Во текот на изминатата 2024 година од страна на општината се реализираа значајни проекти кои во себе содржат родова компонента и даваат значаен придонес кон развивање и поттикнување на родовата рамноправност во општината. Дел од нив беа распоредени во годишните програми на одделенијата во различни области како што се: комуналната и урбанистичката инфраструктура, спортот, образованието, културата, детската и социјалната заштита, транспортот на патници и др.

Почитувајќи го принципот на транспарентност и партиципативност во донесување на документи кои се од интерес на граѓаните на општината, при изготвувањето и планирање на содржините на Програмата за еднакви можности за 2025 година, беа вклучени граѓаните преку граѓански организации. Нејзиното изготвување започна со распишување на Јавен повик од 4 до 20 октомври 2024 година со кој беа повикани сите заинтересирани здруженија и фондации кои во својата сфера на интерес и работа ја имаат

родовата рамноправност, да се пријават со свои активности со кои ќе бидат вклучени во Програмата за еднакви можности за 2025 година.

На повикот со свои предлог – проекти аплицираа шест здруженија на граѓани и тоа: Здружението за социјална инклузија и доживотно учење НЕЦИ – Штип, ЕХО – Штип, Кик Бокс Клиб „Гладијатор Фајт“ од Штип, Здружение на Ромите - Черења Штип, Ромска асоцијација за еднакви права – РОТА Штип и Здружението за унапредување, поддршка и развој на ромската заедница – АРКА од Штип. Врз основа на добиените предлози, и врз основа на веќе востановените практики и активности на КЕМ, Интерсекторската група за родово одговорно креирање на локални политики и буџетирање и координаторот за еднакви можности, согласно законската регулатива, на 7 ноември 2024 година, беше одржан состанок на Интерсекторската група за родова еднаквост, записник бр. 09 – 6886/ од 11.11.2024 година и состанок на Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Штип, при што беа разгледани сите предлог проекти со кои здруженијата на граѓани аплицираа. Покрај преложените проекти, Програмата беше дополнета со активности кои општинската администрација ќе ги спроведува во соработка со институции од различни области. Откако беа разгледани предлог – проектите и предложените активности од општинската администрација, беше составена Годишната програма за еднакви можности на Општина Штип за 2025 година со следниве планирани активности:

1. Проект на тема „ Насилството може да го уништи детството“ Предвидени се предавања за наставниците за препознавање на булингот и промовирање на упатство (прирачник) за креирање и засилување на протоколите за заштита од насилство, злоупотреба и запоставување на децата во училиштата и за постапување во случај на кризни настани по децата и учениците во основите училишта. Предвидено е проектот да се реализира во соработка со НВО „Двојна надеж“

2. Состаноци на Интерсекторска група група за родово одговорно креирање на локални политики и буџетирање на Општина Штип за родова еднаквост со цел унапредување на состојбите на планот на родовата рамноправност во Општина Штип;

3. Координација и работа со стручни лица, консултанти ангажирани од страна на меѓународни организации како што е UN Women во подобрување на Програмите со внесување на родова компонента;

4. Реализирање на проект :„Подигање на свеста на средношколската младина за опасностите СПБ во насока на превенција на истите“, проект кој се реализира повеќе години во рамки на Програмата за еднакви можности на Општина Штип;

5. Организирање на локална кампања за заштита и зачувување на женското и машкото здравје на граѓаните во Општина Штип, преку едукативни трибини за унапредување на здравјето, печатење на едукативни брошури и флаери и нивно дистрибуирање на јавни места, организирање на бесплатни скрининзи за мажи и жени, гостување на доктори специјалисти во медиуми со цел подигање на свеста за превенција од болести на машките и женските репродуктивни органи; „Здрави жени-здрава заедница“, „Машкото здравје во фокус“ Кампањите ќе се спроведат во соработка со доктори спцијалисти од здравствени институции.

6. Обуки за запознавање на придобивките што се нудат преку мерките од Оперативниот план на АВРМ и неговите компоненти кои се фокусираат на самовработување, вклучувајќи и лица со попреченост, како и работилници и обуки за стручни занимања што се барани од работодавачите. Средби со работодавачите на локално ниво преку организирање на втор саем на работодавачи од Штип и од регионот, како и циклус обуки за кариерен развој и зајакнување на економскста состојба на жените во локалната заедница. Проектот е во организација на Здружението за социјална инклузија и доживотно учење НЕЦИ – Штип **(предлог проект по Јавниот повик).**

7. Обезбедување на сет на неопходните услуги за жени и девојки изложени на секаков вид насилство преку поддршка на функционирањето на Центарот за интегративен пристап до неопходните услуги за жени и девојки изложени на секаков вид на насилство за периодот од најмалку 6 месеци за идната 2024 година. Втора актвност во овој предлог проект е редовно одржување на квартални состаноци на Мултисекторскиот тим на заедницата за ефикасна заштита на жени и девојки изложени на насилство со цел заедничко координирано делување при справувањето со различни форми на насилство. Проектот го спроведува ЕХО - Штип. **(предлог проект по Јавниот повик)**;

8. Организирање на спортско-рекреативни антистрес тренинзи и забавно-спортски игри кои ја подобруваат флексибилноста, држењето и јачината на телото кое ќе придонесе за одржување на психо-физичкото здравје и социјализација на жените. Проектот го спроведува ЕХО - Штип. **(предлог проект по Јавниот повик);**

9. Обуки преку практични вежби во кик - бокс за жени и девојчиња кои претходно не би учествувале во ваква програма или пак биле жртви на родово-базирано насилство, со цел стекнување на вештини за самоодбрана и зголемување на нивната самодоверба. Проектот го спроведува Кик Бокс Клиб „Гладијатор Фајт“ од Штип. **(предлог проект по Јавниот повик);**

10. Спроведување на низа активности кои ќе придонесат кон подигање на свеста кај ромската популација за штетноста од малолетничките бракови и последиците од нив. Наслов на проектот: „Ожени се набрзина, ќе се каеш полека“ Истиот ќе го реализира Здружение на Ромите - Черења Штип **(предлог проект по Јавниот повик)**

11. Спроведување на предлог-проект: „Зајакнување на жените и девојките Ромки за искоренување на насилството“. Ќе се спроведе анкетирање на над 200 жени и девојчиња со прашалник чии содржини ќе водат кон препознавање на родовобазираното насилство. Ќе се спроведат две едукативни работилниици и ќе испечати брошура во 100 примероци. Проектот ќе го реализира Ромска асоцијација за еднакви права – РОТА Штип. **(предлог проект по Јавниот повик)**

12. Мапирање во ромските населби во Штип преку анкетирање на минимум 100 жени и девојки Ромки и зголемено информирање на 80 % од жените и девојките Ромки за важноста на репродуктивното здравје, како и едукација на жените и девојките Ромки за нивните здраствени права. Проектот ќе го рализира Здружението за унапредување, поддршка и развој на ромската заедница – АРКА**. (предлог проект по Јавниот повик)**

**Програмата за еднакви можности на Општина Штип за 2024 година ќе се финансира од буџетот на Општина Штип. Со програмата е предвидено да се потрошат средства во износ од 741.190 денари.**

**Временска и буџетска рамка за реализација на Програмата за еднакви можности**

| | **Проблеми/ризици** | **Облици на делување** | **Програма/ проект** | **Времетраење Денови/месе ци** | **Буџет на проектот- денари/за една година** | **Одговорни за имплементација / Партнери** | **Извори на финансира ње** | **Индикатори** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Ризик за постоење и проширување на насилство (булинг) меѓу учениците во основните училишта | Едукативни предавања за намалување на булингот во училиштата. Промовирање на | „Насилството | Септември – октомври 2025 | Не се потребни финансиски средства | Вработени во Отсек за превенција при СВР Штип<br><br>Координаторка | Не се потребни финансиски средства | Број на ученици поделени по пол кои имаат посетено обука за булинг. |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Упатство (прирачник) за креирање и засилување на протоколите за заштита од насилство, злоупотреба и запоставување на децата во училиштата | може да уништи детство“ | | | за еднакви можности<br>.<br>Претставници од НВО „Двојна Надеж“ | | Број на наставници кои се запознати со Упатството за креирање и засилување на протоколите за заштита од насилство |
| 2. | Потреба од координација на општинските служби за родова еднаквост, | Состаноци на интерсекторска група на Општина Штип за родова еднаквост | Разгледување на Годишен буџет на Општина Штип, Годишни програми и извештаи на сектори и одделенија на Општина Штип како и на институции под надлежност на општината | Јануари-декември 2025 | Не се потребни финансиски средства | Координаторка за еднакви можности Заменик координаторка за еднакви можности и членови на интерсекторска група за родова еднаквост | Не се потребни финансиски средства | Број на одржани состаноци на интерсекторска група за родова рамноправност<br>Број на разгледани програми и планови, број на родови интервенции и сугестии во планови и програми |
| 3. | Недостаток на родова компонента во Годишните програми на одделенијата во општинтата со родово разделени податоци и родова анализа | Координација и работа со стручни лица, консултанти во подобрување на Програмите со внесување на родова компонента | Разгледување, дополнување и изготвување на Програми кои ќе бидат родово сензитивни | Октомври-ноември 2025 | Не се потребни финансиски средства | Координаторка за еднакви можности | Не се потребни финансиски средства | Број на консултативни средби , работилници, обуки на координаторка и заменик координаторка и број на програми во кои е воведен родов концепт |
| 4. | Недоволна запознаеност на младите од | Анкета за познавањата на учениците во прва година во средните | „Подигање на свеста на средношколскат | Октомври - декември 2025 | Изготвување на анкетни листови, анкетирање и | Доктори – епидемиолози од ЦЈЗ Штип | Буџет на Општина Штип | Број на ученици разделени по пол кои се анкетирани и |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | средните училишта во општината со опасностите од сексуално преносливите инфекции | училишта за СПБ,опасностите и ризиците кои ги носат, предавања за СПБ во сите средни училишта, повторно анкетрање со цел да се видат резултатите од предавањата, изготвен извештај за состојбата пред и после предавањата | а младина за опасностите СПИБ во насока на превенција на истите“ | | анализа на резултати – доктори од ЦЈЗ **2 x 8.000 ден.(16.000)** Предавања во сите средни училишта од доктори од ЦЈЗ **2 x 12.000 ден. (24.000 ден)** **Вкупно 40.000 ден.** | Координаторка за еднакви можности, Заменик координаторка за еднакви можности | | запознати со ризиците од СПИБ и превенцијата од нив |
| 5. | Недоволно развиена свест и неедуцираност на населението за опсаностите од болести на репродуктивни органи кај мажите и жените | Организирање на локална кампања за заштита и зачувување на женското и машкото здравје на граѓаните во Општина Штип, преку: едукативни трибини за унапредување на здравјето, печатење на едукативни брошури и флаери и нивно дистрибуирање на јавни места, организирање на бесплатни скрининзи за мажи и жени, гостување на доктори специјалисти во медиуми со цел | „ Здрави жени – здрава заедница“ „Машкото здравје во фокусот“ | 4 февруари Светски ден за борба против малигни заболувања Ноември – месец на машкото здравје | Трибина за превенција од рак на женски репродуктивни органи за освежување: **6.000 ден.** хонорар за предавачи 3х **3.000 ден. вкупно 9.000 ден.** Трибина за заштита на машкото здравје за освежување: **6.000 ден.** предавачи 3х **3.000 ден. вкупно 9.000 ден.** Техничка подготовка на флаери за заштита | доктори – уролози, рентгенолози, онколози од ЈЗУ Клиничка Болница - Штип Координаторка за еднакви можности, Заменик координаторка за еднакви можности | Буџет на Општина Штип | Број на присутни на јавни трибини, разделени по пол, кои добиле едукација за превенција од малигни заболувања Број на направени скрининзи на мажи и жени, Број на отпечатени и дистрибуирани флаери Број на емисии во медиуми за подигање на светса за женското и машко здравје |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | подигање на свеста за превенција од болести на машките и женските репродуктивни органи; | | | на женско здравје **1.000 ден**.<br>печатење на флаери за заштита на женско здравје **3.000 ден.**<br><br>Техничка подготовка на флаери за заштита на женско здравје **1.000 ден**.<br>печатење на флаери за заштита на женско здравје **3.000 ден.**<br><br>**Вкупно: 38.000 ден.** | | | |
| 6. | Недоволна запознатост на невработените жените за придобивките што се нудат преку мерките од Оперативниот план на АВРМ и неговите компоненти кои се фокусираат на самовработување, вклучувајќи и лица со попреченост, како и можностите | Средба со работодавачи на локално ниво<br>Организирање на втор саем на кариери на локално и регионално ниво<br>Циклус на средби насочени кон кариерен развој и економско јакнење на жените во нашата заедница<br><br>- | „Зајакнување на економските капацитети на невработените жени и млади од нашата локална заедница за полесно пласирање на пазарот на трудот“ | Од 1 март до 30 април 2025 година | Флаери- 2500 ден.<br><br>Еко ташни-6800 ден<br><br>Беџови – 3540 денари<br><br>Канцелариски материјал за 50 учесници – 6350 денари | Здружението за социјална инклузија и доживотно учење НЕЦИ – Штип<br><br>Проектен координатор и Проектен фасилитатор (асистент) | Буџет на Општина Штип<br><br>(предлог активности по јавен повик) | 50 невработени жени и млади ќе се информираат за активните мерки и можностите за вработување<br>50 невработени жени од Општина Штип ќе ги зголемат своите капацитети за вработување во однос на полесно пласирање на |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | за обуки за стручни занимања што се барани од работодавачите. | | | | Надомест за проектен координатор – 12500 ден<br><br>Маици за волонтери– 7500 ден.<br>**Вкупно: 39.190 ден.** | | | пазарот на трудот. |
| 7. | Потреба од помош и поддршка на специјализирани даватели на услуги на жртви на родово-базирано насилство согласно законската регулатива (Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство; Закон за социјална заштита), Истамбулска конвенција | Давање на финансиска поддршка за непречено функционирање на Центарот за интегративен пристап за жени жртви на секаков вид на насилство кој долги години го формира и одржува ЗГ „ЕХО“ од Штип.<br><br>Преку поддршката на Центарот за интегративен пристап се обезбедува неопходен пакет на услуги за жени и девојки изложени на секаков вид на насилство за перод од | „Обезбедување на сет на неопходните услуги за жени и девојки изложени на секаков вид насилство преку поддршка на функционирање то на Центарот за интегративен пристап до неопходните услуги за жени и девојки изложени на секаков вид насилство за периодот од 6 месеци за 2023 година“ | За 6 месеци во текот на целата година 2025, согласно потребите на Центарот за интегративен пристап | Финансирање на трошоци за работа на Центар за интегративен пристап (дел од закупнина на канцеларија и режиски трошоци 6 месеци x 6.000 = **36.000 ден.**<br><br>Дел од хонорар за координатор на Центар за интегративен пристап за 6 месеци x 10.000ден. - **60.000 ден.**<br><br>Дел од хонорар на администратор на | Претставници од НВО сектор - ЕХО (согласно јавен повик) | Буџет на Општина Штип<br><br>(предлог активности по јавен повик | Обезбедени услуги за бесплатна правна помош, психосоцијално советување и поддршка, како и економско зајакнување, ресоцијализација и реинтеграција на најмалку 60 жени жртви на насилство и семејно насилство |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | намалку **6 месеци**.<br><br>1.Правна заштита<br>2. Психосоцијална поддршка,<br>3. Поддршка за економско јакнење<br>4.Ресоцијализација<br>5. Реинтеграција во заедницата на жртвите<br><br>Состаноци на Мултисекторскиот тим на заедницата (МТЗ) за координирање на заеднички одговори на случаите на насилство врз жените и девојчињата обезбедувајќи ефективна интервенција и заштита | | | електронска база/ правник за 6 месеци по 8.000 ден. - **48.000 ден.**<br><br>Дел од хонорар на психолог/социјален работник за 6 месеци по 8.000 ден.- **48.000 ден.**<br><br>Организирање на редовни полугодишни состаноци на Мултисекторски тим на заедницата за заштита на жените и девојките изложени на насилство.<br>2 состаноци х 6.000ден.=<br>**12.000 ден.**<br><br>**Вкупно:**<br>**204.000 ден.** | | | |
| 7.<br>8. | Постоење на хроничен замор и стрес кој предизвикува опасности од различни видови на заболувања како што се : кардиоваскуларни заболувања, | Организирање на спортско-рекреативни антистрес тренинзи и забавно-спортски игри кои ја подобруваат флексибилноста, држењето и јачината на телото кое ќе придонесе за | „Зајакнување на психо-физичката состојба на жените преку бесплатни програми за фитнес рекреативни и анти-стрес | февруари-април 2025 и октомври-декември 2025 (вкупно 6 месеци) | Ангажирање на инструкторка за спортско – рекреативни тренинзи за 6 месеци **х** 20.000 ден.=<br>**120.000** ден. | Претставници од НВО сектор - ЗГ ЕХО (согласно јавен повик) | Буџет на Општина Штип<br><br>(предлог - активности по јавен повик | Број на организирани спортско-рекреативни антистрес тренинзи и број на присутни жени на истите. |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | дебелина, дијабетес тип 2, остеопороза како и одредени типови на канцер , поврзани со професијата на жените кои работат во канцеларија, во конфекции и слични работни места | одржување на психо-физичкото здравје и социјализација на жените | тренинзи“ | | **Вкупно : 120.000 денари** | | | |
| 9. | Постоење на насилство врз жени и девојки | Обуки преку практични вежби во кик - бокс за жени и девојчиња кои претходно не би учествувале во ваква програма или пак биле жртви на родово-базирано насилство, со цел стекнување на вештини за самоодбрана и зголемување на нивната самодоверба | Камп за самоодбрана - прекинување на циклусот на насилство преку самоодбрана – Safe space | Тренинзи во кик бокс со инструктор за самоодбрана во месец мај 2025 | Хонорар за инструктор за 12 тренинзи во месец мај 2025 год. (по 3.000 денари од трениниг<br><br>**Вкупно: 36.000 ден.** | Инструктор од Кикбокс Клуб „Гладијатор“ | Буџет на Општина Штип<br><br>(предлог активности по јавен повик) | 20 обучени жени |
| 10. | Постоење на малолетнички бракови кои резултираат со нарушување на психофизичкото здравје на девојчињата и момчињата од ромската етничка | 2 предавања за 24 деца од 12 годишна возраст од ромска националност (12 момчиња и 12 девојчиња) за штетни последици од малолетнички бракови 2 предавања за | „Ожени се набрзина-ќе се каеш пополека“ | Планирано е активностите да се реализираат во текот на четири месеци последовател но во текот на учебната | Хонорар за координатор 15.000 денари Хонорар за едукатор на работилници 10.000 ден. Материјали за | Здружение на Ромите Черења Штип | Буџет на Општина Штип<br><br>(предлог активности по јавен повик) | Едуцирани 24 момчиња и девојчиња за штетните последици од малолетничките бракови<br><br>Едуцирани родители од 8 и 9 одделение од ООУ„Гоце Делчев“ и |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | заедница | родителите на деца од 8 и 9 одделение во ООУ „Г. Делчев“ и ООУ „Д. Влахов“. Организирање на тркалезна маса со 25 Претавници од локалната самоуправа од сектор за образование и здраство, агенција за вработување ,невладини организации народен правобранител и медиуми. | | година. | работилници 4.000 ден. Храна и освежување за работилница 10.000 ден. Предавач за родители 4.000 ден. Освежување предаавањата 6.000 ден. Кетеринг за тркалезна маса 3.000 ден. Панелисти за тркалезна маса 2 x 3.000 = 6.000 ден. **Вкупно: 58.000 денари** | | | ООУ Димитар Влахов“за штетните последици од малолетничките бракови |
| 11. | Неинформираност на ромската популација за родовобазираното насилство, како да го препознаат,во сите негови форми, како да се однесуваат, каде да го пријават и кои | Склучување на меморандум за соработка со СВРМ, ЦСР, Општина Штип и АВРМ Подготовка на анакетен прашалник за препознавање на | “Зајкнување на жените и девојките Ромки за искоренување на насилството“ | Од 1 март до 30 јуни 2025 година | Хонорар за координаторот на проектот : 30.000 денари<br><br>Хонорар за едукатор за изготвување на анкетниот | Ромска асоцијација за еднакви права – РОТА Штип | Буџет на Општина Штип<br><br>(предлог активности по јавен повик) | Опфатни во истражувањето 200 жени и девојки од ромската етничка заедница |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | институции се надлежни да постапуваат во случаите на родовобазирано насилство. | родово базирано насислтво.<br>Анкетирање на 200 Ромки - жени и девојчиња<br>Анализа на анкетините прашалници.<br>2 едукативни работилици со жени и девојки Ромки за видови и форми на родово базирано насилство<br>Подготвка на брошура за родово базирано насислтво која ќе биде испечатена во 100 примероци и дистрибуирана на населението | | | прашалник и анализа на добиените резултати 30.000 ден.<br><br>Хонорар за анкетари 2 x10.000 ден вкупно 20.000 ден.<br><br>Хонорар за едукатор на две работилници 10.000 ден.<br><br>Материјали за 2 работилници за 60 учесници – 6.000 ден.<br><br>Храна и освежување за две работилници 20.000 ден.<br><br>Печатење на анкетни прашалници 1.000 ден.<br><br>Дизајн и печатење на брошура 20.000 ден. | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | **Вкупно: 127.000 ден.** | | | |
| | **Проблеми/ризици** | **Облици на делување** | **Програма/ проект** | **Времетраење Денови/месеци** | **Буџет на проектот-денари/за една година** | **Одговорни за имплементација / Партнери** | **Извори на финансирање** | **Индикатори** |
| 12. | Недоволна запознатост на жените Ромки за нивното репродуктивно здравје | Изработка на анкетен прашалник од страна на ангажиран експерт во соработка со координаторот на проектот.<br><br>Обука за анкетар од страна на кординаторот на проектот<br>Спроведување на анкета на 100 испитанички, во населбите каде што живеат Роми.<br>Анализа на спроведената анекета<br>Две Информативни средби | „Здрава жена и девојка - Здраво општество“ | Три последователни месеци во текот на 2025 год. | Хонорар за координатор на проект 30.000 ден.<br><br>Хонорари за експерти за подготовка на анкетни прашалници 2x4.000 ден. вкупно 8.000 ден.<br><br>Хонорар за анкетар за 100 анкетни листови 10.000 ден.<br><br>храна и освежување на Информативна средба за 50 учесници 15.000 | Здружение за унапредување поддршка и развој на ромската заедница „ЗУПР НВО АРКА“ – Штип | Буџет на Општина Штип<br><br>(предлог активности по јавен повик) | Зголемена информираност на 80 % од жените и девојките Ромки за важноста на репрудоктивното здравје. |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | ден.<br><br>хонорар за гинеколог 10.000 ден.<br><br>копирање на анкетни прашалници 1000 ден.<br>Материјали за инфо-настан за 50 учесници 5.000 ден.<br><br>**Вкупно: 79.000 ден.** | | | |
| | | | | | ***Вкупно потребни средства за Годишната програма : 741.190 денари*** | | | |

Број 08-1076/1
28 јануари 2025 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

112.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ
НА УРБАНА ОПРЕМА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА
ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Штип за 2025 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1077/2 Општина Штип
29 јануари 2025 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

113.

Врз основа на член 39 став 3 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 42/16, 190/16 и „Службен весник на РСМ“ број 275/19, 90/20, 101/21 и 153/23), член 3 од Одлуката за утврдување на потребата за поставување урбана опрема на територијата на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 08/11) и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седница одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА НА
ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2025 ГОДИНА

Со оваа Програма се уредуваат видовите на урбана опрема и локалитетите на кои може да се поставува урбаната опрема.

Оваа Програма се донесува за 2025 година и со истата е опфатена урбаната опрема која се поставува на градежно изградено земјиште.

**I.Цел на Програмата**

Со Програмата за поставување на урбана опрема се постигнуваат следните цели:

- Евиденција на урбана опрема на територија на општината;
- Естетско обликовните подобрувања и воведување на нови стандарди во уредување на просторот;
- Уредување, оплеменување, хуманизација на просторот и заштита на животната средина;
- Можност за активирање на повеќе стари занаети и различни видови на ракотворби преку изработка, изложување и продажба на накит, уметнички предмети, предмети за различна употреба, сувенири;
- Брз сервис и услуга на граѓаните од непосредната близина (продажба на билети за јавен превоз, телефонски говорници, автобуски постојки, продажба на весници, сувенири, цвеќиња, храна).

**II. Критериуми за определување на видот на урбана опрема**

За определување на типот на урбаната опрема кој треба да се постави служат следните критериуми:

- Функционални критериуми, како што се намена и површина намената за вршење на дејноста,
- Естетско морфолошки критериуми и
- Материјално експлоатациони критериуми, кои ги одредуваат економските аспекти категорија време и објекти.

Урбаната опрема која се поставува на подрачјето на Општина Штип треба да ги задоволува основните барања за градбата, согласно Законот за градење („Службен весник на РМ” број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14,42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 18/20 и 279/20).

Урбаната опрема не смее да го попречува пешачкото движење и да треба да се обезбеди непречен пристап до истата.

При поставување на урбаната опрема, не смеат да се поставуваат бариери во просторот кои можат да го попречат безбедното движење на пешаците или да го оневозможат движењето на лица со посебни потреби.

Со поставување на урбана опрема не смее да се попречува или отежнува користењето на станбените, деловните згради и други објекти, односно нивната функција на живеење или работење, да се загрозува сигурноста на сообраќајот, да се намалува пропишаната слободна проодна површина, да се уништува зелена површина, да се намалува естетскиот и општиот изглед на околината.

Урбаната опрема, со својот изглед и форма, не смее да го намали естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршењето на дејноста не смее да се создава нечистотија, недозволена бучава и лоша миризба.

Поставување на урбана опрема се врши на начин што нивното поставување и отстранување треба да се одвива на брз и лесен начин и без оштетување на подлогата.

При поставување на урбана опрема, не може да се монтираат платформи или рампи, освен ако служат за нивелирање на подлогата за терен во пад каде котата на едната страна од платформата се поклопува со котата на теренот и не го попречуваат или отежнуваат движењето на пешаците, а особено на инвалидизираните лица со колички.

При поставувањето на урбаната опрема мора да се запазат следните стандарди:

**1.** Поставувањето на урбаната опрема е на минимално растојание од 0,80м од ивицата на коловозот (корпа за отпадоци, жардиниери, рекламни паноа и др.) односно 1.5м до 2,5м од ивицата на коловозот (за автобуски стојалишта, киосци).

**2.** Минималната височина при поставување на чадори за сонце изнесува 2,4м, а при поставување на настрешници минималната височина изнесува 3,2м над слободната проодна површина.

**3.** Поставувањето на урбана опрема пред деловните објекти каде што се врши дејност, е дозволено само во широчината на деловниот објект кон јавната површина, доколку се исполнети условите од оваа Програма и условите од други прописи.

**4.** Урбаната опрема што се поставува по повод манифестации, презентации, изложби и за вршење на угостителска дејност, секојдневно по завршувањето на работното време се отстранува од јавната површина.

**5.** При поставување на урбана опрема на тротоари, минималната слободна проодна површина од попречниот профил на тротоарот изнесува 1,5м. Исклучок претставуваат простори кај кои во партерот постои реализирана граница помеѓу просторот за движење на пешаци и бараниот простор за поставување на опрема (столпчиња, денивелација и сл.) но просторот за движење не може да биде помал од 1,2м. Широчината на слободната проодна површина на тротоарите,  се мери од ивицата на коловозот. Доколку на тротоарот има дрвја, комунален или рекламен објект, широчината на слободната проодна површина се мери од граничникот на дрвото, на

комуналниот или рекламен објект, во правец на делот од јавната површина што е предмет на користење.

**6.** Поставување на урбана опрема не е дозволено на делот од тротоарот во зоната на свртување на улицата, односно во зоната на вкрстување на улиците (магистрални и собирни), која изнесува минимум 8,0м од пресечната точка на двете регулациони линии. Доколку пешачката површина е поголема од 5,0м во радиусот на свртувањето дозволено е поставување на урбана опрема за летна тераса при што треба да се запази проодна површина со ширина од 2,5м од работ на коловозот.

При поставување на урбана опрема, сопственикот е должен да обезбеди:

**1.** Соодветни услови и согласности за приклучување на инфраструктурни мрежи за предвидениот временски период (електро напојување, водоснабдување и канализација, мрежа за телефонија, електронски комуникации и сл.) од соодветните јавни претпријатија и други правни лица, односно од субјектите кои стопанисуваат со објектите на инфраструктурата.

**2.** Примена на современи градежни материјали кои овозможуваат монтажно демонтажни конструктивни елементи, типски елементи, современо архитектонско обликување, препознатливост на функцијата, репрезентативност на урбана опрема за дејностите од кои тоа се очекува, принцип на повеќеводни кровови - со ниско слеме, обезбедување пристапност за лица со посебни потреби и инвалидитет и сл.

**3.** Согласност од сопствениците на градежната парцела во сопственост, кога земјиштето се користи во јавна употреба согласно закон.

При поставувањето на урбаната опрема, покрај овие услови, мора да се почитуваат специфичните услови на локацијата, интензитетот на пешачкото движење и видот на дејноста која се врши и слично.

Урбаната опрема се поставува согласно Програма и истата може да биде со различни димензии зависно од дејностите кои се извршуваат во нив.

При поставување на урбана опрема се користи модуларен систем за објекти во кои се извршува иста или слична дејност, со можно мултиплицирање на модулите за зголемување на вкупната површина на урбаната опрема.

Објектите што се урбана опрема може да бидат само приземни, со максимална висина на венец до 3,5м и висина на слеме добиена со минимален нагиб зависно од видот на употребениот кровен покривач (само како заштита на објектот), со кота на приземје не повисока од 15см.

## III.Видови урбана опрема

### 1. Платформи

Платформите за спортски, културни, туристички и забавни настани (манифестации), како и придружните објекти во функција на истите, се со висини и површини кои овозможуваат безбедност при нивното користење.

Платформите се поставуваат на изградено градежно земјиште кое може да прими поголема група граѓани, согласно стандардите на оваа одлука.

Поставувањето и отстранувањето треба да биде непосредно пред и по завршувањето на манифестацијата, а просторот треба да се уреди во првобитна состојба од страна на субјектот кој ја поставил платформата.

При поставување на платформите за спортски, културни, туристички и забавни настани (манифестации), како и придружните објекти во функција на истите, корисникот е должен да плати комунална такса за целиот простор каде е поставена платформата без оглед на нејзината големина.

**2. Информативни паноа**

Информативните паноа служат за јавна намена, за информирање на граѓаните (карта на град, возен ред и друго) и огласување за културно-уметнички, спортски и други манифестации.

Поставувањето на информативните паноа не смее да го попречува нормалното одвивање на сообраќајот.

Информативните паноа може да бидат слободностоечки, преносливи, прицврстени на објект и сл.

**3. Летни дискотеки**

При нивно поставување важат општите и посебните стандарди за поставување на урбана опрема: летни тераси, покриени и непокриени шанкови и други објекти.

**4. Телефонски говорници**

Телефонски говорници, поштенски сандачиња, интернет пултови и банкомати можат да бидат слободностоечки или прикачени на ѕид и треба да се поставуваат на начин да можат да ги користат лица со посебни потреби.

Минималниот простор кој што треба да е слободен пред апаратите изнесува 1,5м х 1,5м, како би се овозможило нивно непречено функционирање и пристап до нив, а притоа да не се нарушат постојните пешачки движења.

Урбаната опрема ќе се поставува на локации по предлог на заинтересирани
субјекти одобрени со решение од страна на Градоначалникот на општина Штип, по предходно одобрен елаборат од Комисијата за поставување на урбана опрема формирана од градоначалникот.

**5. Продажба на билети, весници, сувенири, цвеќе, храна и сладолед, активирање на повеќе стари занаети и различни видови на ракотворби преку изработка, изложување и продажба на накит, уметнички предмети, предмети за различна употреба, сувенири;**

Продажбата на билети, весници, сувенири, цвеќе, храна и сладолед, можноста за активирање на повеќе стари занаети и различни видови на ракотворби преку изработка, изложување и продажба на накит, уметнички предмети, предмети за различна употреба, сувенири, ќе се врши во типски објекти кои мора да ги исполнуваат следните услови:

- Монтажно-демонтажни типски објекти

Монтажно-демонтажни објекти од лесна конструкција се наменети за продажба на весници, билети за јавен превоз, вода и безалкохолни пијалаци, сувенири, лотарија, кондиторски и слични производи, изработка, изложување и продажба на накит, уметнички предмети, предмети за различна употреба, сувенири.

Групирање на монтажните објекти се ограничува на најмногу 3 модули во група.

Монтажно-демонтажни објекти од лесна конструкција можат да се поставуваат и на одредени места при одржување на хуманитарни, културни, забавни, спортски, изложбени, рекламно-промотивни или деловно-информативни и други активности по повод празници и манифестации како придружни објекти во функција на настаните.

- Обликовни услови

Монтажните објекти со своето обликување мора да бидат усогласени со просторот на кој се поставуваат кои ќе се определат со проект за поставување на урбана опрема. Начинот на покривање треба да биде типски без додаток на монтажна тенда. На монтажниот објект може да се постави рекламен натпис со големина не поголема од челото на објектот без можност за истакнување на други рекламни пораки. Рекламниот натпис да не го надминува горниот раб на монтажниот објект повеќе од 50см.

На надворешниот дел од монтажниот објект не се дозволени видливи инсталации или делови на уреди за вентилација и климатизација како и било каква опрема надвор од габаритот на објектот.

- Сообраќајни услови
-

Монтажен објект или групација на монтажни објекти мора да биде лоцирана на начин кој нема да го попречува слободното движење на пешаци, лица со посебни потреби и возила. Се поставуваат на оддалеченост од работ на

коловозот мин. 1,5м. до 2,5м, а од раскрсница мин. 10,0м. од почетокот на радиусот за десно свртување.

- Технички услови

При поставување на монтажниот објект мора да се обезбедат санитарно-технички и хигиенски услови; да се обезбеди заштитен отвор со прописно изведен пулт за издавање на роба, да се обезбеди приклучок на електрична енергија, приклучок на вода и канализација.

Подната, ѕидната и таванската облога како и пултот за издавање на стока да се изведат од непропусен и неотровен материјал кој не впива и кој лесно се чисти.

- Услови за поставување на типски објекти

Објектите можат да бидат поставени од страна на општината, односно од страна на заинтересирани субјекти. Начинот на кој ќе бидат поставени овие објекти го утврдува Градоначалникот. Издавањето на објектите поставени од страна на Општина Штип ќе се издаваат по пат на јавен оглас. Поставување на објекти од страна на заинтересирани субјекти исто така ќе се врши по претходно објавен јавен оглас за добивање право на поставување на објектите. Субјектот со кој ќе биде склучен договор може да постави само објект во тип и форма одобрена од Општина Штип. Локациите за поставување на типски објекти се утврдуваат со годишната програма за поставување урбана опрема на територијата на Општина Штип. Цената ја утврдува Советот на општината со посебна одлука.

По исклучок, а по претходно мислење од Комисијата за поставување урбана опрема формирана од градоначалникот, може да се одобри поставување на друг тип објекти со површина не поголема од 9 м2, кои се изработени од друг вид материјал и со друга форма и облик, но кои нема да го нарушат естетскиот и функционален изглед на околината и нема да пречат во безбедното одвивање на сообраќајот.

**6. Објекти за обезбедување**

Површината на објектите за обезбедување да не е поголема од 3,0м². За нив важат стандардите за монтажно-демонтажни и типски објекти.

**7. Јавни санитарни јазли**

Поставувањето на јавни санитарни јазли се врши на уредени површини, во близина на јавно зеленило, паркинг, оддалечени од влезови и излози на

објекти. Истите не смеат да го попречуваат користењето на околните објекти и јавни површини.

**8. Тераси, шанкови и настрешници**

Тераси и шанкови се поставуваат во зависност од расположивата јавна површина, при што е неопходно исполнување на условот да не се наруши урбанистичката концепција на просторот и параметрите за непречено безбедно движење од сите корисници, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" број 142/15), особено по однос на минималните димензии на пешачки површини - тротоари, по однос на непречено користење на околните објекти и простори за јавна намена, протокот на сообраќајот односно пристап на возила на јавни служби.

На површината на која се поставува урбана опрема за организација на летни тераси дозволено е поставување на: лесно подвижни маси, столици, жардиниери, ограда, чадори, настрешници.

Сите елементи на опремата што се поставува на летната тераса (маси,столици, настрешница, чадори, постаменти за чадори, жардиниери, ограда и др.) не смеат да го преминуваат работ на одобрената површина.

Поставувањето на урбана опрема од типот тераси, шанкови и настрешници, задолжително е изготвување на елаборат со кој се утврдува просторот, видот и изгледот на опремата како и бојата, димензиите и др.

За терасите поставени во мињор корито (долно шеталиште покрај река) не смеат да бидат пошироки од 1,5 м.

Јавна површина може да се користи за летна тераса (вршење на угостителска дејност) со поставување само на опрема за летна тераса, а не и дополнително фрижидери, витрини и друго.

Минимална ширина на површината потребна за поставување на урбана опрема за угостителство за поставување на еден ред маси со столови и клупи изнесува 1,5м.

Чадорите се со минималната слободна височина од 2,4м.

Настрешница е лесен монтажно-демонтажен елемент кој се поставува на столбови кои можат да бидат прицврстени за јавната површина.

Оградите и жардиниерите поставени на летна тераса не смеат: да излегуваат со ниеден елемент надвор од дозволениот простор за летна тераса, да бидат фиксно прицврстени за подлогата и да имаат висина поголема од 0,8м.

Оградите и жардиниерите треба да биде изведена од квалитетни материјали со високо естетско ниво.

Во пешачките зони не се поставуваат огради или жардиниери кон пешачката зона односно истите се поставуваа само помеѓу соседни летни тераси.

**9. Покриени и отворени шанкови**

Покриени и отворени шанкови се поставуваат на сквер, во парк, на кеј, покрај водни и рекреативни површини.

Покриените и отворени шанкови не смеат да се прицврстени за подлогата и мора да имаат приклучок на вода, електрична енергија и канализација.

Составен дел на локацијата на покриени и отворени шанкови може да биде и летна тераса.

**10. Самостоечките рекламни паноа**

Самостоечките рекламни паноа се поставуваат на пешачки и зелени површини во профилот на сообраќајниците, а во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на РМ” број 169/15, 226/15, 55/16, 11/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19 и 302/20), Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта („Службен гласник на Општина Штип“ број 07/10) и Одлуката за начинот и постапката за поставување опрема за рекламирање на територијата на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 07/10).

**11. Опрема за рекламирање,светлечки рекламни табли поставени на столбовите за јавно осветлување**

Опрема за рекламирање,светлечки рекламни табли може да се постават на столбовите за јавно осветлување по претходно определени диспозиции и спецификации за изглед, материјал на изработка, димензии, тип и намена на истите од страна на Општина Штип, а во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на РМ” број 169/15, 226/15, 55/16, 11/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19 и 302/20).

**12. Опрема за забава на деца и детски игралишта**

Опремата за забава на деца може да се постави по повод државни и верски празници и други манифестации на места каде има доволен простор за тоа (поголеми јавни површини или неизградено земјиште).

Детско игралиште може да се постави на изградено и неизградено градежно земјиште со елаборат за поставување на урбана опрема погодно за таа намена. Детско игралиште може да се постави и во уредено зеленило.

**13. Монтажно-демонтажни конструкции за спортски терени**

Монтажно-демонтажни конструкции за спортски терени ( од балонски тип,привремени конструкции и друго) Опремата за спортско-рекреативни активности се поставува, на локации одобрени со решение од страна на Градоначалникот на Општина Штип по претходно одобрен елаборат од Комисијата за поставување урбана опрема формирана од Градоначалникот, при што тие не треба да го попречуваат движењето на учесниците во сообраќајот (пешачки,велосипедски ,автомобилски ).

**14. Опрема за спортско-рекреативни активности**

Под овој вид урбана опрема се подразбира опрема за спортско-рекреативни активности и спортски настани, заедно со друга придружна урбана опрема дефинирана со овие стандарди или со посебен елаборат.

Опремата за спортско-рекреативни активности се поставува, на локации одобрени со решение од страна на Градоначалникот на Општина Штип по претходно одобрен елаборат од Комисијата за поставување урбана опрема формирана од Градоначалникот, при што тие не треба да го попречуваат движењето на учесниците во сообраќајот (пешачки,велосипедски ,автомобилски ).

Површините за поставување на опремата за спортско-рекреативни активности ќе се димензионираат во зависност од конкретната активност, местоположбата и конфигурацијата на теренот.

Опремата за спортско-рекреативни активносати може да биде изработена од конструктивни елементи што ќе бидат прицврстени за фундаменти со цел да се обезбеди нејзина стабилност.

**15. Подвижна урбана опрема-превозни средства**

